ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, за **23.2.2024** год. (петок) со почеток од 12:00 ч. свикува

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ**

со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Предлози за доделување на стипендиите „проф. д-р Васил Витанов“ на студенти од прв и втор циклус геотехничко инженерство
5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
6) Предлог одлука за воведување и одлука за доделување на награда за изработен докторат од област на геотехниката
7) Одлука за подготовка на Лексиконот на ISSMGE на македонски јазик
8) Извештај за работата на ДГМ во 2023 год.
9) Извештај за финансиска состојба
10) Годишен план за активности на ДГМ во 2024 год.
11) Разно
12) Повикано предавање: Професор Решат Улусај од Турција “Main geotechnical characteristics of the 6 February 2023 Kahramanmaraş doublet earthquakes of Türkiye and lessons learned”
13) Презентација на докторски дисертации (Елена Ангелова, Наташа Неделковска)

Забелешка:
- Годишното собрание ќе се одржи во Салата за конференции на Градежниот факултет во Скопје.

- Доколку сте спречени да земете учество во работата на Собранието, Ве молиме својата согласност или сугестии да ги испратите по електронски пат.

Со почит,

Претседател на ДГМ,

Во Скопје, 09.2.2024 год.

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

# ЗАПИСНИК ОД ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА ДГМ ОДРЖАНО НА 24.2.2023 ГОД.

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, на **24.2.2023** год. во **13:00 ч.**, свика Годишно собрание со

## ДНЕВЕН РЕД

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Предлози за доделување на стипендиите „Проф. д-р Васил Витанов“ на студенти од прв и втор циклус геотехничко инженерство
5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ
6) Извештај за работата на ДГМ во 2022 год.
7) Извештај за финансиска состојба
8) Годишен план за активности на ДГМ во 2023 год.
9) Разно
10) Повикано предавање: The benefits of InSAR in engineering – Stefano Ruben Presezzi (TRE ALTAMIRA s.r.l. Милано - Италија).

Поради пандемиските услови, предавањето на колегата Stefano Ruben Presezzi се одржа со користење на видео-конференциска врска, преку алатката ZOOM. Собранието беше отворено од Претседателот на ДГМ, вонр. проф. д-р Игор Пешевски, кој им се заблагодари на членовите за нивното присуство.

По усвојувањето на точките од дневниот ред, се пристапи кон нивен претрес, имајќи предвид дека материјалите беа претходно проследени до членовите на ДГМ.

1) Избор на работни тела на Собранието:
   За работните тела на Собранието беа предложени и потврдени: работно претседателство – д-р Игор Пешевски, д-р Драган Димитриевски и д-р Јован Папиќ; верификациона комисија – м-р Елена Ангелова, д-р Јулијана Бојаџиева; верификувачи на записникот – д-р Бојан Сусинов и м-р Бојан Јаневски; додека записникот го водеше м-р Наташа Неделковска.

2) Усвојување на Записник од претходната седница
   Записникот од претходната седница беше усвоен едногласно.

3) Извештај на верификациона комисија
   Комисијата извести дека се исполнети условите за полноправно одлучување на Собранието.

4) Одлука за доделување на стипендијата „Проф. д-р Васил Витанов“
   Стипендијата едногласно беше доделена на студентите кои ги исполнуват условите за добивање на истата.

5) Предлози за доделување на Признанија и Благодарници на ДГМ

a. Одлука за Доделување признание за заслужен член на проф. д-р Љубомир Танчев

Претседателот на ДГМ прочита куса биографија на проф. Танчев и го претстави неговиот придонес за развојот на ДГМ, соработката со сродни здруженија, во државата и странство, после што даде предлог на проф. д-р Љубомир Танчев да му се додели признание за Заслужен член на ДГМ.

b. Одлука за доделување на Благодарница на ДГМ

Согласно Правилникот за доделување на признанија на ДГМ, а имајќи го предвид инволвирањето на ДГМ во меѓународен научно-истражувачки проект и континуираното негување на научната соработка со членови на ДГМ, беше даден предлог за доделување на Благодарница на проф. д-р Слободан Мицковски од Каледонски универзитет во Глазгов, Катедра за градежништво и управување со животната средина, Шкотска, Обединето кралство.

Предлогозите беа усвоени едногласно.

6) Извештај за работата на ДГМ во 2022 год.

Претседателот ги презентираше активностите на членовите на ДГМ во 2022 год., а меѓу позначајните се издвојуват:

- Јануари и февруари: Подготовки и одржување на Годишно собрание за 2021
- Март: предавање на проф. д-р Милорад Јовановски “Practical Aspects of Numerical Modeling for Rock Masses using Rocscience software” за софтверската куќа ROCSCIENCE. Во период од 23-26.3. се одржа 5$^{th}$ Regional Symposium on Landslides in the Adriatic-Balkan Region ‘Landslide Modelling & Applications’ во Ријека, Хрватска, каде на колегите од ИЗИИС им беше доделена награда за најдобар труд.
- Април: во рамки на проектот GEOLAB, под покровителство на Horizon 2020 Research and Innovation programme, LIWEMAT – deformation characterisation of LIghtWEight foundation MATerials, а под координација на проф. д-р Јосиф Јосифовски и д-р Станислав Ленарт, м-р Александра Николовска Атанасовска и м-р Мила Смиљановска оствариja студиски престој и научно истражување при Универзитетот во Марибор и Словенечкиот институт за градежништво (ZAG) во периодот 9.4.-22.4. На 29.4. во Сиднеј се одржа 7-та Меѓународна конференција за млади геотехнички инженери (7iYGEC) каде ДГМ беше претставувано од м-р Јорданка Чанева, која беше член и на тим што победи на дебата.
- Мај: Учество на Council Meeting на ISSMGE во Сиднеј (видеоконференција, 1.5.2022). Гласање за претседател и потпретседатели на ISSMGE за мандатен период 2022-2026. Гласање за организатор на Quadrennial international conference (21 ICMSGE) Виена 14-19.6.2026 и Council Meeting – Нур Султан 14-18.8.2023. Од страна на известувачот за Европа, истакната е изработката на ДГМ за Time Capsule Project! Веднаш е стапено во контакт со новоизбраниот претседател за организирање на негово гостување во Македонија во рамки на Петтиот симпозиум.
- Јуни: Подготовки и одржување на Петтиот симпозиум на ДГМ во периодот 23-25.6., во хотелот Метропол во Охрид. Симпозиумот беше поддржан од ISRM и ISSMGE. Присуствуваа преку 220 гости од 30 земји и беа претставени 94 реферати. Присутни и говорници беа и претседателите на ISRM и ISSMGE.

- Јули-август: Регулирање на обврски, финансиски прегледи и комуникација со учесниците на Петтиот симпозиум. Добиени честитки и пофалби за успешната организација на настанот од претседателите на ISRM и ISSMGE.

- Септември: Учество со презентација на два научни труда во рамки на 11th International Symposium on Field Monitoring in Geomechanics, 4-7.9., Лондон, на д-р Бојан Сусинов. Во период 12.9-15.9 во Финска се одржа регионалниот симпозиум EUROCK 2022, Rock and Fracture Mechanics in Rock Engineering and Mining, каде учество со труд и контакти со истакнати раководни лица од ISRM реализираа проф. Милорад Јовановски, м-р Елена Ангелова и м-р Тамара Јовановска. Учество со две презентации на 17th International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering, 14-18.9., Сопот, Полска, од д-р Јосифовски, д-р Сусинов и др. Во ИЗИИС е одржана двонеделна обука за динамички тестирања на почвени примероци на триаксијален апарат од страна на Одделот за геотехника и специјални конструкции во ИЗИИС кон колеги од Катедрата за геотехника при Градежно-архитектонскиот факултет од Ниш, во рамките на европскиот проект ElectroSoil.

- Октомври: 12-13.10. – членови на ДГМ земаа учество на работилница од Друштво на математичари, на тема From theory to Problem solving: Promoting Mathematics in academic studies in North Macedonia. Присутни беа и студенти од Градежниот факултет и други технички факултети. На 13.10. се одржа Изборно собрание на ДГМ, кога едногласно беше поддржан предлогот за изборот на ново раководство на ДГМ во мандатен период 2022-2026 год.: претседател – вонр. проф. д-р Игор Пешевски, потпретседател – д-р Драган Димитриевски, секретар – м-р Наташа Неделковска. На 16.10 се одржа Состанок на Советот (Council meeting) на ISRM во Асунсион, Парагвај, каде со делегиран глас ДГМ учествуваше во изборот на домаќин на 16$^{th}$ ISRM International Congress on Rock Mechanics во 2027 и на деветтиот носител на престижната Müller Award. ДГМ ги поддржа добитниците: Сеул, Кореа и Дерек Мартин, Канада, соодветно. Членови на ДГМ земаа учество на вебинар за свлечишта одржан 18-20.10. – Landslide Scientific Assessment conference: Landslide hazard, LandScient. Воедно, активно се учествуваше и на Втората конференција за хидројаловишта организирана од ЗМКГБ, одржана 21-22.10. На 21.10., за студентите од студиската програма по геотехничко инженерство, беше организирана посета на браната во изградба Отиња во Штип. Проф. Веи Ву од Универзитетот BOKU во Виена, го посети ИЗИИС, каде одржа предавање со наслов Multiscale modelling of landslide and debris flow.

- Ноември: Во КОАОИ, Одделението за геотехника ја организираше за првпат активноста „Геотехнички денови во Комората", во рамки на која е одржана еднодневна обука на тема „Стабилизација на косини и контрола на ерозија за одржлива геотехника". Предавачи беа проф. д-р Слободан Б. Мицковски и д-р Алехандро Г. Ољаури од Каледонскиот универзитет во Глазгов, Шкотска, и проф. д-р Јосиф Јосифовски. Истата се реализираше на 1.11.2022 год., а учество земаа над 60 инженери. Следниот ден, проф. Мицковски одржа предавање за студентите на Градежниот факултет во Скопје (ГФ). Одржан е Вториот конгрес за патишта, во организација на Друштво за патишта на Македонија. Членови на ДГМ беа повикани предавачи, водители на сесии, а изложија и неколку научни трудови. Активностите се реализираа на 3.11. и 4.11. На 21.11., ДГМ поднесе апликација до генералниот секретаријат на ISRM за организација на EUROCK

2026. Потпретседателот на ISSMGE за Европа, проф. Лалуи, организираше состанок на националните друштва за геотехника. Истиот се одржа на 23.11, во Лозана, Швајцарија, а преку телекомуникациска врска учествоземаа актуелниот и претходниот претседател на ДГМ. Во склоп на настанот "Seminar on innovation" присуствуваа и други членови на ДГМ, помеѓу кои и млади.

- Декември: На 1.12. предавање на тема "Continuum or discontinuum, that is the question" одржа д-р Ник Бартон, гостин-професор на ГФ. Беа присутни 133 слушатели: членови на ДГМ, студенти на прв и втор циклус на студии, членови од други стручни друштва од Македонија и регионот и членови на КОАОИ. Со претставници на RocScience се реализираа активности поврзани со организација на курсот "Applied Geomechanical Modeling of Rock Mass Behaviour in light of Infrastructure Projects" што ќе се одржи во Скопје. На 26.12., група студенти на втор циклус на студии при ГФ, под водство на проф. Јосифовски, го посетија ИЗИИС каде имаа можност да се запознаат со тековни испитувања и истражувачки проекти.
- Континуирано учество во работата на: ТК 11 – Геотехника при ИСРСМ; работни групи формирани од КОАОИ за изработка на Тарифник (14 состаноци во рамки на работната група за геотехника); реакредитација на студиска програма по геотехничко инженерство; одржани обуки за Еврокод; известувања за позначајни семинари и предавања (дел од нив одржани во е-форма).
- Активности поврзани со поставување на Зборникот на трудови од Петтиот симпозиум на платформата OnePetro на ISRM.
- Од периодот на одржување на Симпозиумот на ДГМ, па до средина на ноември, беа одржани повеќе консултативни средби со истакнати членови и раководни лица на ISRM заради поднесување на апликација за организирање на EUROCK 2026 во Македонија.
- Снимање на научно-популарни емисии за промоција на геотехниката кај младата популација и промотивни активности за студиската програма по геотехничко инженерство.
- Од претседателот на Меѓународното друштво за механика на почви и геотехничко инженерство, проф. Marc Ballouz е добиена финансиска поддршка за покривање трошоци за учество на млади геотехничари на стручни конференции.

7) Извештај за финансиската состојба
   За финансиската реализација и годишната пресметка беше доставен материјал во електронска форма за состојбата на двете сметки на Друштвото. Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење се уплатите од спонзорите во вид на (котизации и) донации, а значајна помош се и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од овие средства, покриени се расходи:
   - Поситни трошоци за банкарски провизии;
   - Административни трошоци (адвокатски услуги);
   - Трошоци поврзани со Петтиот симпозиум;
   - Уплата на школарини за студенти по геотехника;
   - Годишни членарини за ISSMGE, Институт за стандардизација на РСМ, ISRM;

- Одржување на домен mag.net.mk;
- Сметководство.

Претседателот ја презентираше истата детално и заклучи дека состојбата на сметката е поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци во тековната година, но и за следната во која ќе се организира EYGEC. Со оглед на константните одливи поврзани со континуирано членување во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, иако свесни и за потешките околности на работа во услови на пандемија и финансиски ограничувања, се апелираше за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ.

8) Годишен план за активности на ДГМ за 2023 год.

Претседателот даде објаснување за настаните и активностите кои се предвидени за 2023 год:

- ДГМ ќе ги следи состојбите со Законот за градење и Ценовникот за инженерски услуги, и ќе се продолжи комуникацијата со засегнатите асоцијации, институции и друштва.

- Тематско предавање на проф. д-р Милорад Јовановски и вонр. проф. Игор Пешевски во меѓународни рамки како дел од семинар на софтверската куќа ROCSCIENCE, кој ќе се одржи на почеток на март во Скопје.

- Учество на предавање на тема: Smart exploitation of the renewable energy situated under our cities, и работен состанок со потпретседателот на ISSMGE за Европа проф. д-р Лалуи и колеги од националното геотехничко друштво на Република Бугарија.

- Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: организирање на настани во рамки на „Геотехнички денови“; одржување на обуки за Еврокод 7 (и негова стручна и административна имплементација); BIM во геотехника и др.

- Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.

- Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на редовните состаноци на Советот на ISSMGE и состаноци на европските друштва на ISSMGE и ISRM.

- ДГМ активно ќе учествува во подготовките и реализацијата на Третата конференција на регионалните друштва за геотехника, Врњачка Бања (1-3.11.2023).

- За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се продолжи со ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, од страна на Одделението за млади геотехничари.

- Заедничко учество во дел од планираните активности за обележување на 60-годишнина од Скопскиот земјотрес во организација на ИЗИИС под мотото „ИЗИИС за Скопје“, како на пр., отворени денови во ИЗИИС, повикани предавања, предавања во општински институции и сл.

- Други планирани учества на конференции.

- Активности за промоција на студиите по геотехничко инженерство, преку телата на ГФ и самостојно преку членовите на ДГМ.

- Подготовки за организирање на Европска конференција за млади геотехничари на која ДГМ ќе биде домаќин во 2024 год. и воспоставување на соодветна веб-страна.

- Во рамки на 15-тиот Интернационален Конгрес на ISRM во Салцбург, воедно и 72ри колоквиум на Австриското геомеханичко друштво (9-14.10.) ќе се претстави апликацијата на ДГМ за домаќин на регионален симпозиум EUROCK 2026.

- Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари. Активности за подобрување на веб страната на ДГМ.

9) Разно
Во делот на затворањето на точките од Дневниот ред, Претседателот се заблагодари на фирмите кои пружаат поддршка на работата на ДГМ.

10) Предавање на колегата Stefano Ruben Presezzi (TRE ALTAMIRA s.r.l. Милано - Италија) - The benefits of InSAR in engineering, преку ЗООМ врска.
По најавата на Претседателот на ДГМ, Stefano Ruben Presezzi одржа предавање на спомenатата тема, по кое се разви плодна и корисна дискусија.

Во рамките на затворањето на Годишното собрание, Претседателот се заблагодари за бројното присуство и дадената поддршка во работата на Собранието и на ДГМ.

Собранието беше затворено во 16:00 ч.

Записничар,

м-р Наташа Неделковска

Верификувачи на записник,

д-р Бојан Сусинов

м-р Бојан Јаневски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 6 и член 16 од Статутот на ДГМ, Собранието на ДГМ на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈАТА „ПРОФ. Д-Р ВАСИЛ ВИТАНОВ“

1. Друштвото за геотехника на Македонија ја доделува стипендијата на успешни студенти од студиската програма по геотехника на Градежниот факултет – Скопје.

2. Стипендијата се доделува од ДГМ, а со цел поддршка и мотивирање на најуспешните студенти запишани на прв и втор циклус студии на насоката Геотехничко инженерство при Градежниот факултет – Скопје.

3. Студентот го задржува правото за ослободување од партиципација доколку исполни услови за следење на 80% од наставната програма за следната академска година;

4. Доколку студентот продолжи да ги исполнува условите за ослободување од партиципација до завршувањето на првиот циклус на студии, му се овозможува ослободување од плаќање на партиципација и во вториот циклус на студии.

Извршниот одбор ги разгледа кандидатите кои се запишани на студиските програми од прв и втор циклус и констатираше дека условите ги исполнуваат следните студенти.

Прв циклус на студии

- Андријана Митевска (I година)
- Михаела Котевска (I година)
- Надица Дрварова (I година)
- Ајрис Селимановски (I година)
- Стефани Вељаноска (I година)
- Бојан Наумовски (I година)
- Снеже Данилоска (II година)
- Веселина Јованоска (III година)
- Деспина Војноска (III година)

Втор циклус на студии

- Ангела Наумческа (I година)
- Михаела Данилоска (I година)
- Марко Мараш (II година)

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А   Д О Д Е Л У В А Њ Е   Н А   П Р И З Н А Н И Е**

**ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание за **Почесен член** на Емеритус Професор Нориказу Шимицу од Јамагучи Универзитетот во Јапонија.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Посебно признание за придонесот во работата на здружението и за развојот на геотехниката во Македонија воопшто;
   - Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните, стручните меѓународни друштва и истражувачките организации од областа на геотехниката;
   - Одржување на стручни предавања во рамки на националните геотехнички собири во Македонија и предавања за студенти од прв и втор циклус на студии;
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство, а особено од областа механика на карпи;
   - Соработка со соодветни меѓународни и домашни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**ЗАСЛУЖЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание за **Заслужен член** на проф. д-р Тихомир Николовски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во пошироката област на геотехниката;
- Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, како и трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните и истражувачките организации, развојните и проектанските служби и производните претпријатија од областа на геотехниката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката;
- Подигнување на соработката на членовите на геотехничката заедница со сродните области во доменот на својата активност.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Стефан Нечевски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

# О Д Л У К А
# З А Д О Д Е Л У В А Ње Н А П Р И З Н А Н И Е

## БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Видо Марковски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Ненад Кранго.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Јане Црцаревски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Зоран Иловски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Јанко Мајновски.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
- Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

## БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува **Благодарница** на Никола Медарски. Признанието се доделува постхумно.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:
   - Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
   - Соработка со соодветни домашни асоцијации заради размена на информации, знаење, публикации;
   - Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението;
   - Придонес во дообучување на младиот стручен кадар во практиката;
   - Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

# ПРЕДЛОГ ОДЛУКА
# ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА
# ПРИЗНАНИЕ
# ЗА
# ИЗРАБОТЕН ДОКТОРСКИ ТРУД ОД ОБЛАСТА НА ГЕОТЕХНИКАТА

1. Друштвото за геотехника на Македонија воведува Признание за изработен докторски труд од областа на Геотехниката.

2. Признанието се доделува на сите завршени студенти од трет циклус на студии кои успешно одбраниле докторски труд од областа на геотехниката на една од акредитираните студиски програми при државните универзитети во Македонија. Признанието се доделува во насока на поддршка на ново докторираните инженери од аспект на стимулирање на:
   - Понатамошната работа во областа на истражување на докторскиот труд и општо во геотехниката;
   - Публикација на научните сознанија поврзани со докторскиот труд и понатамошната пракса;
   - Учество и работа во стручните и техничките комитети на меѓународните асоцијации од областите на механиката на почви и механиката на карпи;
   - Соработка со сродни домашни и меѓународни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања и др.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG

ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

# О Д Л У К А
# З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е

## И З Р А Б О Т Е Н  Д О К Т О Р С К И  Т Р У Д  О Д  О Б Л А С Т А  Н А  Г Е О Т Е Х Н И К А Т А

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува Признание за изработен докторски труд од областа на геотехниката, на д-р Елена Ангелова, дипл. инж. геот.

2. Признанието се доделува за завршен трет циклус на студии и успешно одбранет докторски труд од областа на геотехниката на тема: „Динамичко однесување на мешавина од песок и летачка пепел“, на ден 15.3.2023 год., при Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

# О Д Л У К А
## З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е

## И З Р А Б О Т Е Н  Д О К Т О Р С К И  Т Р У Д  О Д  О Б Л А С Т А  Н А  Г Е О Т Е Х Н И К А Т А

## НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува Признание за изработен докторски труд од областа на геотехниката, на д-р Наташа Неделковска, дипл. инж. геот.

2. Признанието се доделува за завршен трет циклус на студии и успешно одбранет докторски труд од областа на геотехниката на тема: „Современи методи за детекција и карактеризација на нестабилни појави на теренот“, на ден 22.09.2023 год., при Градежниот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија

Претседател,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 16 од Статутот на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесува

# ОДЛУКА
# ЗА ПРЕВОД НА ЛЕКСИКОНОТ НА ISSMGE НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

1. Друштвото за геотехника на Македонија ќе изврши финализирање на активностите поврзани со превод на лексиконот на ISSMGE на македонски јазик.

2. За реализирање на оваа активност, ДГМ ги одредува членовите на Одделението за млади геотехничари: д-р Елена Ангелова, м-р Тамара Јовановска, м-р Мила Смиљановска, м-р Тони Китановски, м-р Лазар Божиновски, м-р Теодор Димитриевски.

3. Работниот тим ќе работи под раководство на претседателот на Одделението за млади геотехнички инженери.

4. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,
П. Игор
Вонр. проф. д-р Игор Пешевски

Врз основа на член 24 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на 23.2.2024 год. го разгледа поднесениот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДГМ ЗА 2023 ГОДИНА**

## 1. ОПШТО

Во овој Извештај се презентирани активностите на ДГМ во текот на 2023 год., кои претежно се засновани врз стекнатите традиции во претходните години на делување. Како и тогаш, и сега главна цел е да се задржи континуитетот во исполнување на програмските определби, да се обезбеди доследно вршење на мисијата на Друштвото и да се создадат услови за негов натамошен развој.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ТЕЛАТА НА ДГМ

Како и претходните години, активностите кои се извршуваа во 2023 год. во најголем дел беа дефинирани на претходната седница на Годишното собрание, од која погоре е даден Записникот. Во текот на годината, покрај подолу изнесеното, се вршеа консултации во рамките на Извршниот одбор (ИО), на кои се даваше пресек на реализираните работи и се дискутираа тековни случувања. Во продолжение се дава хронолошки преглед на активностите за 2023 год.

- Јануари:
    1. Подготовки за Годишно собрание за 2023 год.
    2. Учество на неколку наши членови (преку видеоконференциска врска) на 2nd International Conference on ACE (Architectural, Civil, and Environmental) Forensic Engineering, Korean Geotechnical Society, 10-12.1.2023.
    3. Работа во рамки на телата и работилници при КОАИ, за изготвување на тарифник за инженерски услуги од областа на геотехниката.
    4. Проф. д-р Решат Улусај, претседател на ISRM и визитинг професор на ГФ, на 31.01. одржа онлајн предавање: Geo-engineering aspects on the structural stability and protection of historical man-made rock-hewn structures: highlighting the Cappadocia region of Turkey".
    5. На 26.1. до ISRM се испратени трудовите од 5тиот симпозиум на ДГМ, кои се веќе објавени на платформата Onepetro.
- Февруари:
    1. 6.2. Состанок на ИО на ДГМ за подготовка на Годишно собрание.
    2. 24.2. Одржано Годишното собрание за 2022 година.
- Март:
    1. 2-3.03. Заедно со колеги од Geodestek од Турција, организиран е стручен курс на тема “Applied Geomechanical Modeling of Rock Mass Behaviour in

light of Infrastructure Projects". 20 учесници од Македонија, Словенија, Србија, Косово, Црна Гора и Италија. За истакнување е дека доминантно учество имаа младите членови на ДГМ.

2. 22-24.3., CROCEE 2, Загреб, повикано предавање и усни презентации на колеги од ИЗИИС.

- Април:

1. 12.04., во амфитеатарот на ГФ, проф. Ахмет Сагламер одржа предавање "Innovative Approaches in Geotechnical Engineering: Construction of Galata Cruise Port (Galataport)", на кое присуствуваа 60 учесници, најголемиот дел студенти на прв и втор циклус на студии на ГФ. За овој настан беше известено во списанието „Порта 3".
2. На 25.4., членови на ИО одржаа online состанок со проф. Лалуи во врска со организацијата на EYGEC 2024. Добиено е одобрување за отпочнување на подготовките и понудена е организациско-административна поддршка.

- Мај:

1. 4-6.5. Учество на проф. Јовановски на 9$^{та}$ Конференција на Хрватското геотехничко друштво во Сисак, со презентација на научен труд.
2. 2nd International conference of civil engineering – ICCE 2023 May 18-20, 2023, Tirana, Albania (со усмена и постер презентација).
3. 22-23.5. д-р Ник Бартон одржа предавања: Multiple aspects of shear strength во КОАИ, и The many faces of Q на ГФ. Присутни беа студенти од прв и втор циклус на студии од сите насоки, како и стручни и технички лица од праксата. Д-р Бартон се сретна со генералниот секретар на КОАОИ и даде интервју за списанието Пресинг.

- Јуни:

1. 7-9.6. Учество на 17$^{та}$ Подунавско-европска конференција за геотехничко инженерство (17DECGE), во Букурешт. ДГМ беше присутен со шест учесници. Колегата Папиќ беше модератор на сесија и презентираше научен труд. Направени се контакти со соработници од регионот и компании кои би биле заинтересирани за делување на нашиот пазар.
2. На ГФ, во периодот 26-30.6. одржан е еднонеделен курс на тема: New trends in geotechnical monitoring for slow-moving landslides and subsidencerisk analysis, на кој предавачи беа проф. Дарио Педуто и д-р Ѓанфранко Никодемо од Универзитетот во Салерно – Италија. Учество земаа 15 докторанти и млади доктори, од повеќе единици на УКИМ и од Универзитот „Гоце Делчев" од Штип.

- Јули-август:

1. Активности за изработка на веб страна на конференцијата EYGEC2024, со активно вклучување на младите членови на ДГМ со богати сугестии и идеи во врска со организацијата на настанот.

2. 10-14.07. Во КОАОИ одржани обуки за примена на Еврокодови – Геотехничко проектирање според Еврокод 7. Благодарност до предавачите и учесниците.
3. 14-18.8. Учество на Состанок на Советот на ISSMGE и на 17th Азиска регионална конференција за механика на почви и геотехника во Астана, Казахстан. Презентиран труд од д-р Елена Ангелова и потпишан трилатерален меморандум за соработка помеѓу националните геотехнички друштва на Казахстан, Ирак и Македонија.

- Септември:

1. 6.9. Одржан годишен состанок на Европските геотехнички друштва со тема "Harnessing our European geotechnical community to new frontiers to better serve society" Лозана. Учествуваа 17 здруженија, а ДГМ беше присутен со дискусии преку видео-конференциска врска.
2. 8.9. Номинација на проф. д-р Јосифовски за претседател на ТК40 Еврокодови и национални анекси при ИСРСМ.
3. 14-15.9., Synarg 2023, Ниш, усмена и постер презентација, проф. д-р Јулијана Бојаџиева.
4. 14-15.9., SECED 2023 Conference Earthquake Engineering & Dynamics for a Sustainable Future, Cambridge, UK (усмена презентација).
5. 15.9. Испратени покани за номинација на учесници на EYGEC2024 до националните друштва од Европа, покани до повикани предавачи и потенцијални спонзори, уредување на веб страна.
6. 18.9. Извештај до потпретседател на ISRM за Европа за активности на национална група за механика на карпи за период 2022-2023.
7. 28.9. Учество на повеќе членови на ДГМ на 20тиот Симпозиум на Друштво на градежни конструктори на Македонија, со презентација на трудови и водење на сесии.

- Октомври:

1. Во рамките на „Геотехнички денови на Комората“ во организација на Одделението за геотехника при КОАИ, на 12.10. се одржа предавање на тема: „Геосинтетички зајакнувања на почви (армирана земја) во транспортната инфраструктура“. Предавачи беа проф. д-р Бојан Жлендер од Факултетот за градежништво, транспортно инженерство и архитектура во Марибор, д-р Станислав Ленарт од ZAG и Борис Богоевски од Геоглобал, Скопје.
2. 9-14.10. Одржан е 15ти Меѓународен конгрес на ISRM & 72ри Колоквиум за геомеханика. На ДГМ му е доверена организацијата на регионалната конференција на ISRM, EUROCK за 2026; ДГМ доби награда за Најдобра национална група (Best Performing National Group of ISRM) за период 2021-2023 год; проф. д-р Милорад Јовановски е избран за потпретседател

на ISRM за мандатен период 2023-2027; д-р Игор Пешевски имаше презентација на стручен труд. Остварени се контакти на повеќе нивоа, со стручни лица и компании од областа на механика на карпи во светски рамки. Овие информации се објавени во списанијата Порта 3 и Пресинг.

3. 19.10. Учество на проф. д-р Јовановски со презентација на труд на конференција GEO-EXPO 2023, во организација на Друштвото за геотехника на БиХ во Мостар.
4. 20.10. Одржан е состанок на Одделението за геотехника при КОАИ, со единствена точка на разгледување на предлог-верзија на Закон за градба и Правилник за категоризација на објекти, од кое е испратено писмо до Министерот за транспорт и врски, со забелешки по однос на Законот и Правилникот.

- Ноември:

1. 1.-3.11. Учество со презентации на реферати и модерирање на сесија на Третата конференција на регионалните друштва за геотехника во рамки на Меѓународното научно-стручно советување „Геотехнички аспекти на градежништвото и земјотресно инженерство“во Врњачка Бања. На проф. Јовановски му е доделена Повелба за почесен член, а на вонр. проф. Папиќ за Заслужен член на Сојузот на градежни инженери на Србија.
2. 2-3.11. Прва конференција за патна инфраструктура: Искуства, предизвици и перспективи, Охрид. Учество во дебатни панел дискусии: проф. Јосифовски и д-р Драган Димитриевски.
3. Учество на World Landslide Forum во Фиренца, Италија и вклучување на ДГМ во новите членови и потписници на KLC2020 од International Consortium of Landslides (ICL). Презентиран труд Harmonized methodology for cross-border hazard and risk assessment of earthquake-induced landslides at regional scale, изработен од д-р Бојаџиева и колеги од ИЗИИС.
4. 30.11. Предавање на вонр. проф. Папиќ во Сараево на стручен семинар за Еврокод 7 организиран од Здружението на инженери геотехничари во БиХ, со 120 учесници од БиХ и регионот.
5. 30.11.-01.12., 13$^{th}$ Workshop on seismic microzonation and risk reduction, Alicante, Spain, со усни презентации на проф. д-р Кемал Един.

- Декември:

1. 21.12. обука за „Примена на геомрежи и проектирање со софтвер Tensar+“.
2. 21.12. Излагање на стручен труд на д-р Драган Димитриевски во рамки на Годишно собрание на ЗМКГБ.
3. Публикувана збирка задачи по механика на почви.
4. Учество во изработка на Просторен план.

- Континуирано учество во работата на: ТК 11 – Геотехника при ИСРСМ, преку кои се следат и активностите на меѓународни технички комитети; за формирање на Тарифник за геотехника; обуки за Еврокод 7 во Србија; известувања за позначајни семинари и предавања (дел од нив одржани во е-форма).
- Реализирани бројни активности поврзани со организацијата на EYGEC 2024 и EUROCK 2026.
- Искористен е дел од финансиската поддршка од претседателот на ISSMGE, д-р Марк Балуз за покривање трошоци за учество на стручни конференции на младите геотехничари.

**3. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ (ова е за ланското, ке се спреми од сметководителот за 2023 до 15.2.2024).**

Од преостанатите средства од минатата година, Друштвото ги покри следните расходи:

- Трошоци за банкарски провизии и сметководствени услуги
- Административни трошоци (адвокатски услуги)
- Трошоци поврзани со организација на Петтиот симпозиум
- Годишни членарини во меѓународните друштва
- Одржување на домен (mag.net.mk)

Покрај сите овие финансиски трансакции во минатиот период, до моментот на одржување на Собранието на сметката на ДГМ има средства во висина од околу 1 990 000 ден. Состојбата со приходи и расходи е подетално прикажана во прилог на овој Извештај. Може да се заклучи дека состојбата на сметката е поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци во тековната година, но и за следната во која ќе се организира EYGEC. Со оглед на константните одливи поврзани со континуирано присуство во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, иако свесни и за потешките околности на работа во услови на пандемија и финансиски потешкотии, се апелира за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ.

**4. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Во рамките на овој Извештај, направен е осврт на активностите на ДГМ во текот на 2023 год. Како што можеше да се види, продолжено е со соработка со сродни друштва и институции, како и со одржување на настани, а посебен акцент е даден на меѓународното присуство. Добиените признанија од ISRM го одразуваат успешното делување и работа на друштвото во големата геотехничка заедница во Европа и пошироко, а секако и обврска за понатамошно одржување на континуитетот. Со тоа, се цени дека зад нас е мошне плодна година, која го потврди ДГМ во значаен регионален партнер и сè повеќе препознаен во интернационални рамки. Имајќи го сето ова предвид, изразувам благодарност за пружената

поддршка и реализираната работа до сите членови на Друштвото, која верувам дека ќе остане константа.

Со почит,

Претседател,

Вонр. проф д-р Игор Пешевски

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

**Годишен финансиски извештај за**
**ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**
**за 2022 година**

| **Ставка** | **Износ [ден.]** |
|---|---:|
| **Приходи остварени во период од 01.01.2022 до 31.12.2022** | **3.587.024** |
| **Расходи остварени во период од 01.01.2022 до 31.12.2022** | **1.596.965** |
| **Разлика на приходите над расходите** | **1.990.059** |
| | |
| **Вкупниот приход е остварен по основ:** | |
| Пренесен приход од минатата година | 1.222.010 |
| Членарини и донации | 81.000 |
| Приходи од спонзорства | 1.535.496 |
| Приходи од котизации | 748.518 |
| **Вкупно** | **3.587.024** |
| | |
| **Расходот е по основ:** | |
| Провизија | 25.775 |
| Канцелариски материјали | 8.860 |
| Членарина во ISRM за 2022 год. | 6.972 |
| Сместување | 621.970 |
| Материјали за Петти симпозиум на ДГМ | 224.470 |
| Печатење на материјали | 139.948 |
| Крстарење-Симпозиум | 100.000 |
| Гала Вечера | 156.314 |
| Туристички такси, превоз, наем на опрема | 68.835 |
| Тековни трошоци за Петти симпозиум на ДГМ | 179.571 |
| Трошоци за репрезентација | 27.925 |
| Одржување на домен (mag.net.mk) | 27.182 |
| Сметководство и правни услуги | 9.143 |
| **Вкупно** | **1.596.965** |

Лице одговорно за составување на финансиски извештај за 2022,

Потпис

Лице одговорно за потпишување на финансиски извештај за 2022,

П. Игор

Потпис

Во Скопје, 23.2.2024 год.

Врз основа на член 16 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на ден 23.2.2024 год. донесе

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДГМ
## ЗА 2024 ГОДИНА

### Член 1

Годишниот план за работа на ДГМ ќе се реализира преку вршење на дејностите дефинирани во Статутот на ДГМ (во натамошниот текст: Статут).

### Член 2

ДГМ ќе ја организира и остварува својата активност во тек на годината континуирано.

### Член 3

ДГМ ги планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основано во согласност со средства од самофинансирачки активности, членарини, донации и сл.

### Член 4

ДГМ ќе остварува соработка со сите придружни членки, високообразовни и научни установи и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Стопанската комора на Македонија, Инженерската институција на Македонија и Институтот за стандардизација согласно со Статутот и Одлуките на Извршниот одбор (ИО) на ДГМ, врз основа на потпишани меморандуми за соработка.

### Член 5

Дел од планираните активности за 2024 год. се:

(1) ДГМ ќе ги следи состојбите со Законот за градење и Ценовникот за инженерски услуги, и ќе се продолжи комуникацијата со засегнатите асоцијации, институции и друштва. ДГМ ќе се залага за доследна примена на ценовникот за инженерски услуги.

(2) Ко-организација на меѓународен симпозиум со Ирачкото и Казахстанското геотехничко друштво.

(3) Централно место ќе завземе организацијата на EYGEC2024, за што во периодот до одржувањето на настанот во месец јуни ќе биде потребна поддршка, особено од младите членови на ДГМ.

(4) Активности поврзани со организација и промоција на EUROCK кој во 2026 година ќе се одржи во Скопје.

(5) Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: организирање на настани во рамки на „Геотехнички денови“;

(6) Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.

(7) Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на редовните состаноци на Советот на ISSMGE и состаноци на европските друштва на ISSMGE и ISRM.

(8) ДГМ ќе организира предавања на еминентни предавачи на различни теми од областа на геотехниката.

(9) Избор на нов претседател на Одделение на млади геотехничари за мандатен период 2024-2026.

(10) За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се продолжи со ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, од страна на Одделението за млади геотехничари.

(11) Други планирани учества на конференции.

(12) Активности за промоција на студиите по геотехничко инженерство, преку телата на ГФ и самостојно преку членовите на ДГМ.

(13) Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари.

(14) Активности за подобрување на интернет-страната на ДГМ.

**Член 7**

ДГМ ќе продолжи со организирање на предавања на истакнати стручњаци од регионот и пошироко (предавање за хидрогеологија со гостин-предавач од Геолошки завод на Словенија – активност предвидена со Годишниот план за 2023), тркалезни маси (за примена на Ценовникот на геотехнички услуги и негово подобрување, како и следење на активности за Законот за градење), семинари (Дирекција за заштита и спасување и други државни институции – активност предвидена со Годишниот план за 2023), презентации (на работата на ТК 11 при ИСРСМ), обуки од интерес на членовите на Друштвото, за што редовно ќе ги информира по електронски пат (е-пошта, интернет-страница, билтен и сл.).

Членовите на ДГМ ќе се заложат за издавање на универзитетска литература од областа на геотехниката.

**Член 8**

Членовите на ДГМ ќе учествуваат со свои трудови на симпозиуми, конгреси и други научни и стручни собири во земјата и странство од кои засега е потврдено учество на:

- 14$^{та}$ Австриска Геотехничка конференција, на која претседателот на ДГМ е поканет како почесен гостин, 1-2.2.2024 год., во Виена.

- Прв работен состанок на новото претседателство на ISRM во Коста Рика 28.2-2.3. (проф. д-р Милорад Јовановски).

- Четврти меѓународен симпозиум на Ирачкото геотехничко друштво, Карбала, 17-18.4.

- 6$^{th}$ Regional Symposium on Landslides in the Adriatic-Balkan Region ReSyLAB 15-18.5., Белград.

- Шести конгрес на Македонско географско друштво, Охрид, 30 Мај, 2024

- Петта конференција за гео-екологија, 04-06.6., Варшава

- ISRM European Rock Mechanics Symposium EUROCK 15-19.7.2024, Аликанте, Шпанија.

- XVIII European Conference on Soil Mechanics and Geotechnical Engineering, Лисабон, Португалија, 26-30.8.2024.

- 2024 ISRM International Symposium: ARMS13 - 13th Asian Rock Mechanics Symposium „Advances in Rock Mechanics – Infrastructure Development“, 22.9.2024 – 27.9.2024
- Петти конгрес на Македонско геолошко друштво, Охрид, Септември, 2024

Членовите на ДГМ се охрабруваат да земат учество и во работата на техничките комитети при меѓународните друштва, а преку најава и номинација од претседателството на ДГМ.

**Член 9**

За потребите на Јавното претпријатие за државни патишта, ДГМ ќе продолжи да соработува при формирањето на база на податоци за свлечишта долж инфраструктурни објекти.

ДГМ ќе пружи поддршка и во услови на неповолни појави во природата или општеството кои загрозуваат животи и материјални добра, а кои се во домен на неговата дејност.

**Член 10**

ДГМ ќе врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на ДГМ.

**Член 11**

Средства за реализација на активностите на ДГМ се обезбедуваат врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица;
- вршење високостручни услуги (изработка на проекти, страгегии, студии, ревизии, мислења, експертизи, мислења и сл.) на домашни и странски физички и правни лица;
- партиципација од членарини и уплати од придружните членки;
- приходи од котизации;
- приливи од спонзорства и финансиско-материјални поддршки;
- други извори.

**Член 12**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување на Годишното собрание на ДГМ.

Претседател на ДГМ,

Вонр. проф. д-р Игор Пешевски